# СЕМЕЈСТВОТО И СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

**Крсте Илиев [1], Наталија Поп Зариева [2]**

[1] асс. м-р, Универзитет Гоце Делчев, krste.iliev@ugd.edu.mk
[2] помл.асс. м-р, Универзитет Гоце Делчев, natalija.popzarieva@ugd.edu.mk

**Апстракт**

**Прашањето дали има ерозија на семејните вредности во светот е комплексно и варира од еден до друг регион на светот. За истото да биде потемелно одговорено би се задржале само на земјите со таканаречена јудео - христијанска традиција (т.н. западна цивилизација). Овој труд нуди хронолошки преглед на карактеристиките на семејните вредности во овие земји, со осврт и споредба со сегашната ситуација во истите. Се осврнуваме на влијанието на црквата, религијата и библијата како столбови на кои почива јудео - христијанска традиција во овие земји. Исто така ќе се обидеме да дадеме одговор на прашањето дали, кога и како почнало намалувањето на влијанието на истите, и дали тоа постепено довело до ерозија на семејните/моралните вредности. Посебно ќе се осврнеме на влијанието од ренесансата, хуманизмот, романтизмот, индустријализацијата, Дарвиновата теорија за еволуцијата, модернизмот, новодобското и хипи движењето. Трудот нуди и анализа на двата доминантни политички системи на 20$^{ти}$ век во т.н. западна цивилизација, капитализмот и комунизмот, врз семејните вредности. Исто така нуди и осврт на тековните различни погледи на тоа што претставуваат денес семејните вредности од конзервативен и либерален светоглед. Истите погледи ќе бидат споредени со вековната традиција во овие земји, сето поддржано со настани, личности и морални поуки од библијата и од литературата од западната цивилизација коишто служеле/ служат како основа за тоа како би требало/ не би требало да се однесуваат сегашните/идните генерации за зачувување на досегашните цивилизациски придобивки .**

**Клучни зборови:***семејни вредности, ерозија, западна цивилизација, конзерватизам, либерализам, Хуманизам, Романтизам, Новодопски движења*

**Abstract**

**The issue of the existence of erosion of family values nowadays is a complex one and generally varies from one region in the world to another. In order to refer to it more profoundly we would focus on the countries with Judeo- Christian tradition, that is to say the Western civilization. This paper offers a chronological review of the characteristics of family values in these countries, with e reference to the contemporary situation. We involve a reflection on the influence of the church, religion and the bible, as the three pillars on which this tradition rests. We would also endeavor to find the answer as to whether and how the influence of the aforementioned factors started to diminish and whether it was the cause for the erosion of family/moral values. We specifically concentrate on the influence Renaissance, Humanism, the Romantic Movement, industrialization, Darwin's theory of evolution, Modernism, and movements like the New Age and the Hippie had on the moral values. The paper also introduces the impact on the two dominating political systems of 20$^{th}$ century on moral, and**

**hence family values. The views will be based on morals from the bible and people and events from literature who represent the basis for what is considered allowed and not allowed behavior for the present day and future generations for the preservation of traditional civilization legacy.**

**Key words:** family values, erosion, Western civilization, Conservatism, Liberalism, Humanism, Romantic Movement, New Age movements

Поимите „семејство“ и „семејни вредности“ се комплексни и со текот на времето се јавуваат многу различни сфаќања, толкувања и дефиниции. Една од поопштите дефиниции за семејни вредности ги карактеризира семејните вредности како традиционални и културни вредности пренесувани од генерација на генерација во рамките на семејството кои се однесуваат на семејната структура, функцијата, улогите во семејството, верувањата, ставовите и идеалите. Според окфордскиот речник семејните вредности се „вредности кои традиционално се учат и развиваат во семејството , како што се високи морални стандарди и дисциплина“. Според Њуман изразот семејни вредности прецизно укажува дека станува збор за „едно аморфно тело на ставови и институции поврзани со семејството, кои загрижените културни критичари веруваат дека мора да бидат  заштитени од општествените сили кои ги поткопуваат, рушат и маргинализираат.“

Поимот христијански вредности се однесува на вредностите кои се промовираат во учењето на Христос и тие како основа ги имаат основните семејни вредности на кои се темели вредносниот систем на западната цивилизација. Тргнувајќи од Десетте божји заповеди, кои промовираат љубов, почит и покорност кон родителите; потоа верност во бракот "Whom God has joined together let no man put asunder"; работливост „He who tills his land will have plenty of food, But he who follows empty pursuits will have poverty in plenty“( Proverbs 28:19); искреност

> „Finally, brethren, whatsoever things are true, whatsoever things are honest, whatsoever things are just, whatsoever things are pure, whatsoever things are lovely, whatsoever things are of good report; if there be any virtue, and if there be any praise, think on these things.“

И многу други вредности кои поставуваат стандарди на морално однесување и живеење.

Во модерните западни демократии, најголемо културно влијание досега имаат библиските текстови, поради што денес во најновите дебати на запад за религијата и семејството, религиозните културни критичари и реформисти се фокусирани на вредностите втемелени во библиските текстови.

Според Стуарт А. Квин семејниот систем на старите Евреи „покажува исто време и контраст и сличности со нашиот“, забелешка која изгледа бледа и неуверлива, која ја надополнуваат со фактот дека „ние ја насочивме нашата грижа од проширеното кон потесното семејство“. И многу религиозни традиционалисти , христијани и евреи, го држат гледиштето дека постои културен континуитет во однос на централниот фокус кон семејството од времето на создавањето на Светото писмо до денес. Овој континуитет е доказ за истрајната и непроменливата суштина на учењето на Светото писмо за семејството. Религиозниот еврејски традиционалист Морис Лам тврди дека семејството е примарен извор на благослов на човештвото. Самите Евреи се наречени, според семејството на Јаков, *децата* на Израел. Лам го контрастира фокусот на семејството од Светото писмо со недовербата кон семејните вредности потхранета од рационалистичките утопистички идеолози како Платон. Иако не

може да не се забележи иронијата која се јавува овде затоа што Платон верувал во примарноста на проширеното семејство и советувал општествено политичката заедница да се сфати во поширока смисла како позначајно семејство од потесното семејство, и во оваа насока неговите сфаќања се совпаѓаат со библиското. Социологот Бенџамин Шлесингер се согласува со Лам во ставот дека „семејството секогаш заземало централно место во Јудаизмот како примарна општествено -религиска единица“, и исто така и фактот дека еврејскиот концепт за семеен живот бил главен фактор за опстанокот на Евреите.

Доцниот 18ти и раниот 19ти век претставуваат мост кој го поврзуваат времето на литературата на Реставрацијата и Викторијанскиот период, со уникатен белег на револуционерна промена, со други зборови Романтизам. Идеалите создадени во периодот на Просветителството имале големо влијание на прозата и поезијата од Романтизмот кога писателите, поетите, филозофите и нивната публика имале голема желба да преземат контрола над своите животи и сами да ја определат својата судбина. Судирот на старите и новите идеологии создал турбулентна клима, главно во Англија и Франција кои минувале низ национална криза во тој период. Француската револуција и Регентската криза од 1788 и 1789 претставуваат регионален тренд за пад на монархијата, а промената на концептот на нацијата довел до хаос и деградација на општествените и културните норми. Меѓу останатото, 18ти век се поврзува со издигнувањето на „јавната сфера“, капиталистичка размена и печатената култура. Моделот на јавна сфера е спротивставен со „приватната сфера“, која се однесувала на автономијата на домашно ниво. Социолозите главно се согласуваат околу фактот дека во овој период роднинските врски- со крвна поврзаност или брак- биле нагласени низ општествената хиерархија. Новите сфаќања за семејството како динамична политичка и општествена единица станало значајно во овој период, и според Хауард, претставувањата на семејството во фикцијата нагласува два основни видови на современо семејство:

> [O]n the one hand, the reader/audience is propelled into a sympathetic relationship with the child victims of dysfunctional families; on the other, the reader/audience is urged to celebrate what Fielding often in his work refers to as the ‘family of love’ in its victory over the harshness of society.

Дела во кои се претставени деца- жртви на нефункционални семејства е една од доминантните претставувања во естетиката од овој период. Овие литературни интер-персонални интеракции се базираат на најмалата општествена област на интимна интеракција- семејството. Во оваа структура, Хаурад забележува извесен број архетипни шеми на однесување од страна на ликовите, како на пример кога детето или друг член од семејството го напушта потесното семејство со цел да бара можност за успех надвор од семејното опкружување. Како и да е, семејството сѐуште е прикажано со тенденција да се одржи заедно. Различните можности вклучуваат примери на татко кој се обидува да го наметне својот авторитет и контрола над децата, најчесто со закана дека ќе го загубат наследството, а со цел да го насочат однесувањето на децата во интерес на правилна финансиска иднина. Мајката е често прикажана како неспособна и покорна на волјата на својот маж. Често пати за мајката е важно да одржи чувство на надворешна смиреност пред јавноста, и едноставно го модерира немирот внатре за да не излезе надвор од контрола. А децата се соочуваат со вечниот проблем: постојано се во ривалство, барем за вниманието на од нивните родители ако не за нивната љубов, и за врвната награда- семејното наследство. Но, според Хауард „овие врски ја претставуваат само едната страна, нагласувајќи го авторитетот на родителот и покорноста на децата, а занемарувајќи го советот дека авторитетот треба да биде разумен и умерен, и дека љубовта треба да биде негов водич.“

Падот и деградацијата на семејните вредности во периодот на Романтизмот е дирекнто поврзан со позицијата на религијата, која во овој период претставувала една од основните теми кои разгорувале бескрајна дебата. Овде неизбежно е да се спомне трактатот на Перси Шели *The Necessity of Atheism/Потребата за атеизам,* кој ги следи емпириските принципи на Просветителството дека не постои емпириски доказ за постоењето на Бог. Како што објаснува Елен Вилсон, просветителите како Волтер, Хјум, Спиноза, Декат и други, пред Шели „ промовирале наука и интелектуална размена наместо суеверие. Овој став бил сосема против организирана религија. Хјум на пример се застапувал за „систематска, скептична критика на филозофските основи на различните теолошки системи“. Шели ги развива и рафинира овие анти-теистички принципи во *Потребата од атеизам.* И религиозната перспектива на Вордсворт во *Ода* оди во иста насока, и покрај ретките моменти на христијански вокабулар, како „Heaven“ и „God“, повеќето критичари, меѓу кои и Лајонел Трилинг ги разбираат овие спомнувања фигуративно, и сметаат дека тие не придонесуваат кон значењето. Ова е сосема прифатливо ако се земат предвид другите негови дела како *Tintern Abbey*, каде тој природата ја опишува како „the anchor of my purest thoughts, the nurse, / the guide, the guardian of my heart, and soul / of all my moral being“.
Очигледна е врската на романтичарите со природата, која за нив претставува искуство кое му помага на човекот да создаде морани вредности. Од ова следува дека секој ја доживува природата на различен и уникатен начин, и тоа би водело кон создавање на морални вредности кои се различни за секоја човечка единка. Неколку илјади старата традиција за основни морални вредности, наследени од Јудео-христијанското културно наследство кои се однесуваат и на семејството, се разнишани во периодот на Романтизмот.

Дарвиновото дело било стожерно за развојот на модерната биологија и еволуцијата, но исто време одиграло важна улога во дебатите за религијата во раниот 20ти век, и прераснало во контроверзната тема за создавањето-еволуцијата особено во САД.

Втората половина на 20от век, пак, се карактеризира со никнување на голем број религиозни и спиритуални движења, меѓу кои и Новодобското Движење. Како религиозно движење тоа се развило како продукт на Западната цивилизација во 1970те и е базирано на холистички поглед на космосот, со фокус на авторитетот на единката. Тоа вклучува елементи на политеизам, митологија, во комбинација со Гаја философијата , наречена според грчката божица на земјата, која понатаму се оди до појава на еко-феминистичката теологија на Розмари Рудер "Gaia and God: An Ecofeminist Theology of Earth Healing". Таа ги отфрла сите основни христијански принципи и ги оспорува традиционалните етички вредности, што непосредно влијае на ерозијата на семејните вредности во 21от век.

Ако просекот на разводи во доцниот 19ти век, се зголемил од 3% до 7%, за во 1930те тој нагло да достигне 16%, но најголем скок на процентот се забележува од 1970 до 1985 год. Од 33% на 50%. Ова можеби се должи на воведувањето на развод без ничија грешка во 70те кога за прв пат брачниот партнер можел да наведе како причина за барањето за развод непомирливи разлики, со што добивањето на развод станало многу полесно во однос на претходната традиција да се докаже постоење на прељуба или насилство во бракот. Но, одреден број студии спроведени од страна на Bowling Green State University упатуваат на недостатокот на поврзаност со религија како важен фактор кој придонесува за распаѓање на семејството. Според тврдењата, брачните парови кои практикуваат религија имаат помал степен на разводи од секуларното население.

Во однос на ситуацијата во Русија во 20-от век , во статијата “Men Have Forgotten God” – The Templeon Address (1983), Солженицин изјавил:

> “Пред половина век, кога уште бев дете, се сеќавам како слушнав едни постари луѓе, коишто ја објаснуваа причината за големите беди коишто ја зафатија Русија: “Луѓето го заборавија Господ; тоа причината за сѐ што ни се случи.” Оттогаш посветив скоро педесет години на историјата на нашата револуција, прочитувајќи стотици книги, собирајќи стотици лични изјави, и издавајќи осум тома со цел чистење на руините што останаа од тој хаос. Но, ако денес некој ме праша да ја опишам што е можно посуштински главната причина за гибелната револуција која проголта шеесет милиони државјани на Русија, не би можел да одговорам поточно освен да повторам: “Луѓето го заборавија Господ; тоа е причината за сѐ што ни се случи.”

Една од последиците е и следната констатација на Солженицин во *The Observer* (1974) „Во нашата држава лагата стана не само морална категорија но и столб на државата.” Во статијата Поделен свет (A World Split Apart 1978) вака ја опишал кризата на западната цивилизација:

> „Ова значи дека грешката мора да е во изворот, во самата основа на современата мисла. Алудирам на сегашниот Западен светоглед кој преовладува, коишто се зародил во Ренесансата и придобил политички израз почнувајќи со Просветителството. Тој станал основа за политичка и социјална доктрина, а може да го наречеме рационален хуманизам или хуманистичка автономија: прогласената и практикувана автономија на човекот од било каква надредена сила. Таа може да се нарече и антропоцентризам, со човекот во центарот на се.“

Според Солженицин, гледано од историска перспектива превратот настанат со Ренесансата и веројатно бил неизбежен. Средниот век се истрошил по природен пат, поради фактот што станал неиздржлива деспотска репресија врз физичката природа во полза на духовната. Но, подоцна сме се оддалечиле од духовната страна и смеприфатиле сѐ што е материјално, прекумерно и несоодветно. Хуманистичкиот начин на мислење не признавал постоење на вродено зло во човекот, ниту повисока цел од достигнување на среќа на земјата. Тоа ја ставило Западната цивилизација на опасниот колосек кој води кон култ кон човекот и неговите материјални потреби.

Во однос на западниот материјализам, Солженицин истакнува дека сѐ освен материјални добра се оставени надвор од вниманието на државата како да човечкиот живот нема повисока цел. Материјализмот повторно ја вовел максимата на Протагора дека човекот е мерка за сѐ, но проблемот е во човековата природа: човек кој е несовршен , горделив, себичен, љубоморен, суетен итн. Според Солженицин, постои равенка каде збирот е прогресот базиран на антропоцентризмот и атеизмот. Низ вековите сме станале поискусни, но сме ја загубиле претставата за Возвишено Совршено Битие. Битието кое ни ги скротува нашите страсти нашата несовесност.

Солженицин исто така се осврнува на релативизмот кој постои на Запад, наведувајќи дека во Западната цивилизација, да се дискутира за зло и добро се сфаќа како шега Warning to the West (Words of Warning to the Western World 1974), со други зборови има недостиг на морални норми. Да се потсетиме дека Монтескје, кој уште во 18 век сведочи во своите белешки за Англија, дека споменувањето на Господ во Англија предизвикувало општа смеа.

Критикувајќи ги и Истокот и Западот, тој наоѓа заеднички именител за нивниот пад во атеизмот и во мобократијата. Така по однос на првото во интервју со Џосеф Пирс ќе

истакне: “Недопрени од здивот на Господ, неограничени од човечката совест, и капитализмот и социјализмот се одвратни.” Во обраќањето на Харвард, насловено Поделен свет ( A World Split Apart 1978) пак ќе ја демаскира мобократијата.

> “Премногу се ослонувавме на политиката и социјалните реформи, кое не доведоа до лишување од нашето најценето нешто: нашиот духовен живот. На исток е погазен од партиската банда, на запад од економската. Ова е суштината на кризата: поделбата на светот не е толку ужасна колку сличноста на болеста која ги засега главните делови.”

И покрај евидентниот пад на моралните вредности во почетокот на 20 век, како и сѐ понагласениот фокус кон материјалните добра, кое пак индиректно влијае на она што е високо ценето во едно општество, сепак постои верба во враќањето на вербата во бракот како нешто свето и враќањето на човекот кон Бога. Социологот Пени Еџел во *Religion and Family in a Changing Society* позивно гледа на потребата од задржување семејниот идеал и негување на семејните вредности:

> „... although, socially normative family life has changed since the 1950s, especially for white, middle-class families, religious institutions are slow to let go of past family ideals. But, even more than this, the intact nuclear family is still seen as the ideal social unit. Across the political spectrum, there is a shared lament about the loss of this form of living. “

Потребна е вербата дека сепак овој свет со разнишани морални и семејни вредности наскоро да дојде до границата која ќе претставува свртување кон обратна насока и обратна тенденција кон враќање на традиционалното сфаќање за семејството.

References

‘An Interview with Alexander Solzhenitsyn’, St. Austin Review’ vol. 2 no. 2 February, 2003 http://www.catholiceducation.org/en/culture/art/an-interview-with-alexander-solzhenitsyn.html

Burney F 1946, ‘Evelina’, J.M. Dent & Sons Ltd. London

Cruz, J. (2013). Marriage: More than a Century of Change(FP-13-13). National Center for Family & Marriage Research. Availble at: http://ncfmr.bgsu.edu/pdf/amily_profiles/

Edgell P, ‘Religion and Family in a Changing Society’, Princeton, Princeton University Available at http://press.princeton.edu/titles/8036.html

Holy Bible 1995, ( Proverbs 28:19), New American Standard Bible, The Lockman Foundation.

Howard SK 2000, ‘Introduction to Evelina’, Orchard Park, Broadview Literary Texts

Newman J 2001, ‘Family & Relationships’, Greenwood Publishing Group, Santa Barbara, California

Ruether RR 1994, ‘Ecofeminism – The Challenge to Theology Gaia and God: An Ecofeminist Theology of Earth Healing’ Harper, San Francisco

Rusonis S 2011, ‘The Ties That Bind: Family Dynamics in Romantic Period Literature’ *Undergraduate Humanities Forum* 2010-2011

Schlesinger B 1971, ‘The Jewish Family in Retrospect’, ed The Jewish Family: A Survey and Annoteted Bibliography. Toronto. University of Toronto Press

Shelley PB 1813, ‘The Necessity of Atheism’ Availbale at : http://www.infidels.org/library/historical/percy_shelley/necessity_of_atheism.html

Solzhenitsyn A 1974, ‘Words of Warning to the Western World’, Washington DC Speech http://www.lib.ru/PROZA/SOLZHENICYN/s_word_engl.txt_with-big-pictures.html

Solzhenitsyn A 1978, Harvard University speech “A World Split Apart” http://www.americanrhetoric.com/speeches/alexandersolzhenitsynharvard.htm

Solzhenitsyn A 1983, ‘Men Have Forgotten God’ – The Templeon Address Available at: http://www.roca.org/OA/36/36h.htm

Solzhenitsyn A 29 December 1974, Interview with The Observer

Trilling L 1950, ’The Immortality Ode‟, The Liberal Imagination: Essays on Literature and Society, Garden City, Doubleday Anchor

Wordsworth W 1798, ‘Lines Written a few miles above Tintern Abbey, on revisiting the banks of the Wye during a tour’, Available at: http://www.poetryfoundation.org/poem/174796

Wordsworth W 1804, 'Ode: Intimations of Immortality from Recollections of Early Childhood'
Available at http://www.bartleby.com/101/536.html